Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu I Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-267/4
18 03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНА СМЕТКА 2021

***НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2021 ГОДИНА***

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија" бр.11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје бр. 09-3080/1 од 20.10.2003 година, а запишано е во Трговскиот регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трг. број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на Јавното претппријатие е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден" бб и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје е донесен со Одлука бр. 1 од 09.01.2004 година на седница на Управен Одбор на Претпријатието.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, а со цел да се овозможи поефикасно и поекономично работење на Претпријатието и негово понатамошно опстојување, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седница одржана на ден 04.05.2007 година со Одлука бр. 01-458/3 носи нов Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје е изменет и дополнет со „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг-Скопје" со арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-109/8 од 13.02.2013 година, „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр.02-445/4 од 03.09.2013 година и и „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски аркинг- Скопје" арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавното претпријатие.

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг – Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје. Во рамки на основната дејност- паркирање односно, регулирање на сообраќај во мирување, претпријатието врши и отстранување на непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни површини.

Претежната дејност на Претпријатието е под шифра:
52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Покрај претежната дејност Претпријатието е регистрирано да обавува и други дејности:
96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети
96.09 Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место
82.99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
45.20 Одржување и поправка на моторни возила

Претпријатието обавува и други дејности во согласност со Закон.

Средствата за вршење на дејност се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Субвенции од Буџет на Град Скопје,
- Донации,
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон.

Своето работење и развој Претпријатието го темели на Инвестициона програма за која согласност дава Совет на Град Скопје.

## *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори и тоа:

- Сектор канцеларија на Директор,

- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии и сметководствени работи ,
- Сектор за правно административни и општи работи и
- Сектор за комерција и маркетинг

Надвор од секторите функционираат следните самостојни одделенија:

- Оддление за внатрешна ревизија и контрола
- Одделение за човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието".

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен Одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор за контрола на матријално- финансиското работење.

## 2. ВРАБОТЕНИ

Бројот на вработени заклучно 31.12.2021 изнесува 269 лица.

Преку Агенција за времени вработувања ангажирани се 17 лица.

## 3. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

За период 01.01.2021 - 31.12.2021 година ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари приходи во вкупен износ од 210.973.622,00 денари.Расходите изнесуваат 209.548.284,00 денари. Финансискиот резултат е Добивка на износ 1.425.338,00 денари . Крајниот финансиски резултат е Добивка по оданочување на износ 1.189.503,00 денари.

Составен дел на Извештајот за Годишната сметка за 2021 година се:

- Биланс на успех
- Биланс на состојба и
- Даночен биланс

## *3.1 БИЛАНС НА УСПЕХ*
ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

| *ПРИХОДИ – кл. 7* | *2021 ГОДИНА* | *2020 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* | 185,565,985.00 | 140,723,667.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК* | 15,279,578.00 | 17,525,225.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* | 10,126,166.00 | 10,132,865.00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ* | 1,893.00 | 39,233.00 |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ:*** | **210,973,622.00** | **168,420,990.00** |
| | | |
| *РАСХОДИ – кл.4* | | |
| | | |
| *ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 9,475,109.00 | 11,318,132.00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ* | 53,964,268.00 | 42,652,770.00 |
| *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И* | | |
| *ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 126,840,723.00 | 127,154,234.00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА* | 11,441,709.00 | 10,978,280.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ* | 7,575,418.00 | 6,965,518.00 |
| | | |
| *ВРЕДН.УСОГЛАС. НА НЕТЕК. И ТЕКОВ.СРЕДСТВА* | 45,913.00 | 160 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ РАСХОДИ* | 203,685.00 | 348,600.00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ* | 1,459.00 | 3,050.00 |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ:*** | **209,548,284.00** | **199,420,744.00** |

# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2021 ГОДИНА* | *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2020 ГОДИНА* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Вкупно приходи | 210,973.622.00 | Вкупно приходи | 168,420,990.00 |
| Вкупно расходи | 209,548,284.00 | Вкупно расходи | 199,420,744.00 |
| Добивка пред оданочување | 1,425,338.00 | **Загуба** | **-30,999,754.00** |
| Данок од добивка | 235,835.00 | | |
| **Добивка по оданочување** | **1,189,503.00** | | |

## *ПРИХОДИ*

Вкупните приходи за период 01.01-31.12.2021 год. изнесуваат 210.973.622,00 денари. Споредено со 2020 година приходите во претпријатието се зголемени за 42.552.632,00 денари или 25.26% ако се земе во предвид фактот дека минатата година приходите изнесувале 168.420.990,00 денари.

| **2021** ***ГОДИНА*** | **2020** ***ГОДИНА*** | ***ВИДОВИ НА ПРИХОДИ*** |
|---|---|---|
| 185.565.985,00 | 140.723.667,00 | Приходи од Јавни паркиралишта |
| 15.279.578,00 | 17.525.225,00 | Приходи од Сектор пајак |
| 10.126.166,00 | 10.132.865,00 | Останати приходи |
| 1.893,00 | 39.233,00 | Финансиски приходи |
| 210.973.622,00 | 168.420.990,00 | Вкупно приходи |

### *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во текот на 2021 година Секторот јавни паркиралишта остварува приходи по основ услуга за паркирање на износ 185.565.985,00 денари.

Во споредба со истиот период од минатата година приходот од паркирање е поголем за 44.842.318,00 денари или за 31,86%.Во рамките на сектор јавни паркиралишта најголем пораст бележи приходот од зонско паркирање, потоа следат приходите од затворените јавни паркиралишта, па приходот од катна гаража Беко и приходот од катната гаража 26ти Јули.

### *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 15.279.578,00 денари. По основ дневен промет наплатени се 9.079 возила ,што претставува пад во однос на

приходите од минатата година за 2.245.647,00 денари или за речиси 33% кога е остварен приход на износ од 17.525.225,00 ден.и се наплатени 10.043 возила. Сметаме дека во најголем дел падот на приходите кај овој сектор се должи на незадоволителната соработка со МВР.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

Износот на останати приходи е 10.126.166,00ден. Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 130.540,00 ; приходи од парични субвенции 7.500.000,00 денари, субвенции и донации дадени во опрема на износ 2.095.037,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандардите ( МСС 20- Државни поддршки); приходи од судски трошоци 108.754,00 денари; приходи од наплата на штети по спогодба и од осигурителни компании 211.726,00 денари како и приходи од други надоместоци 41.854,00 денари односно од наплата на оштетени блокатори кои се користат кај зонското паркирање како и вонредни непредвидени приходи на износ 38.255,00 денари.

Износот на оваа група на приходи е речиси идентичен со приходите евидентирани од 2020 година односно помали се за 6.699,00 денари .

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во групата финансиски приходи кои изнесуваат 1.893,00 денари спаѓаат приходи по основ камата од наплатени тужени побарувања .Овие приходи се помали во спореба со минатата година кога истите изнесувале 39.233,00 денари .

# РАСХОДИ

Расходите за 2021година износуваат 209.548.284,00 денари.
Споредбен преглед на трошоците по групи за период 01.01.2021 - 31.12.2021 год. со истиот период од минатата година:

| *РЕД. БР.* | *ГРУПА НА ТРОШОЦИ* | *2021 ГОДИНА* | *2020 ГОДИНА* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 9.475.109,00 | 11,318,132.00 |
| 2 | Трошоци за услуги | 53.964.268,00 | 42,652,770.00 |
| 3 | Плата и надоместоци од плата | 126.840.723,00 | 127,154,234.00 |
| 4 | Трошоци за амортизација | 11.441.709,00 | 10.978,280.00 |
| 5 | Останати трошоци на работење | 7.575.418,00 | 6,965,518.00 |
| 6 | Вредносно усогласување на побарувања | 45.913,00 | 160.00 |
| 7 | Останати расходи | 203.685,00 | 348,600.00 |
| 8 | Финансиски расходи | 1.459,00 | 3,050.00 |
| | *ВКУПНО:* | **209.548.284,00** | **199,420,744.00** |

## 1. *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

Првата група трошоци – Трошоци за суровини и материјали изнесува 9.475.109,00 денари. Во оваа група спаѓаат трошоците за потрошни и помошни материјали, средства за чистење, канцелариски материјали, електрична и топлинска енергија, гориво како и трошоците на инвентар, автогуми и хтз опрема во употреба. Во однос на минатата година оваа група трошоци бележи намалување за 1.843.023,00 денари или 16,28%. Во рамки на групата бележиме пораст кај трошоците за потрошни и помошни материјали, средства за чистење,канцелариски материјали и гориво . Додека пак намалување имаме кај електричната енергија , инвентарот, трошокот за авто гуми и трошокот за ХТЗ опрема. Во целина гледано падот на трошоците во групата се должи на тоа што во 2021 година не е набавувана ХТЗ опрема , бидејќи ваква набвака е спроведена во текот на 2020 година.

## 2. *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, фиксна и мобилна телефонија, електронски комуникации - радиофрекфенции, понатаму трошоците за поставување на информативни табли, за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, услуги за вршење на градежни работи и бележење, наем односно закуп, комунални услуги – ѓубретарина, вода и слично, трошоци за рекламирање, графички услуги - брендирање, обезбедување - транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање, трошок за времени вработувања и други видови на услуги.

Во однос на минатата година евидентираме зголемување на трошоците за 11.311.498,00 денари или за 26,52 % .

Во рамките на оваа група се забележува пораст кај речиси сите видови на трошоци. Исклучок каде имаме намалување на трошоците се за одржување на нематеријалните средства, трошоците за тековно одржување како и транспорт на пари .Исто така дел од трошоците се на исто ниво од минатата година – за сертификати,надомест за годишна сметка, регистрација на возила итн. Значителен пораст има кај трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што е остварен поголем промет од минатата година заради ковид кризата. Бележиме пораст и на сите други трошоци во групата :за ПТТ услуги, телефонија, графичките услуги, услуги за одржување на ситен инвентар – ПП опрема , трошокот за набавка на нови информативни табли, за одржување на опремата во катните гаражи (лифтови , ППЗ опрема, систем за гасење на пожари,агрегати, пумпи итн.),

за наем на деловни простории и користење на паркинг површини, за ѓубретарина и тоалетни кабини, за графички услуги-брендирање како и трошокот за ангажирани лица преку агенција за времени вработувања .

## *3. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

Кај трошокот за плати, надоместоци од плата и други трошоци во целина бележиме пад за 313.511,00 денари споредено со минатата година. Износот на трошокот за плати варира од повеќе причини: вработувања, пензионирање на вработени, користење боледувања, неплатено отсуство, прекувремена работа, отказ итн.

По основ надоместоци на вработените во 2021 година евидентирани се трошоци за отпремнини за пензионирање во вкупен износ од 343.334,00 денари за 6 (шест) вработени кои заминале во пензија , јубилејни награди на 19 вработени во вкупен износ од 63.327,00 денари кои имале непрекинат стаж од 10 години во јавното претпријатие; за помош за лекување на 1 ( еден) вработен 31.532,00 ден., како и надоместоци по основ смрт на вработен односно смрт на член од семејство во вкупен износ од 150.000,00 денари.

## *4. АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 11.441.709,00 денари.

## *5. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

Во оваа група спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, други надоместоци на вработените, обуки и слично, надоместоци на органите на управување, трошоци за донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии, трошок за ДДВ,членарини, трошоци за користење на права , интелектуални услуги, договор на дело, преводи, судски и административни такси, адвокатски и нотарски трошоци, трошоци за огласување, претплата на весници и стручни списанија итн.

Во 2021 година реализирани се Останати трошоци на работење на износ 7.575.418,00 денари заради што се забележува пораст на трошоците од 609.900,00 денари или 8,76% во споредба со 2020 година.

## *6. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Евидентирано е вредносно усогласување на побарувања на износ 45.650,00 денари како и вредносно усогласување на залихите на материјали кои се однесуваат на чип

картичките за паркинзите кои по пописот беа расходовани. Вредноста на овој материјал изнесува 263,00 денари.

### 7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во групата Останати расходи трошоците изнесуваат 203.685,00 денари.

Оваа група на трошоци е помала во однос на 2020 година за 144.915,00 денари. Во 2021 година евидентирани се трошоците кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 40.820,00 денари;трошоци по рекламации на износ 115.480,00 денари; 35.000,00 денари се трошоци по основ надомест на штета, дополнително утврдени трошоци на износ 9.735,00 денари како и вонредни непредвидени трошоци за 2.650,00 денари.

### 8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамки на финансиските расходи, кои изнесуваат 1.459,00 денари, спаѓаат: трошокот за казнена камата на износ 1.426,00 денари и се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода, струја,телефон, камата по основ извршени корекции на јавни давачки – износ 19,00 денари како и 14,00 денари по основ негативни курсни разлики.

## 3.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

| АКТИВА | 2021 ГОДИНА | 2020 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| 1. ОСНОВНИ СРЕДСТВА | | |
| кл. 00 | 60,798,059.00 | 52.669,199.00 |
| | | |
| 2. ЗАЛИХИ | | |
| кл. 3 | 1,923,937.00 | 2,506,610.00 |
| | | |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | | |
| кл. 1 | 46,534,527.00 | 29,082,877.00 |
| | | |
| 4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 722,237.00 | 1,614,739.00 |
| кл. 1 гр. 19 | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **109,978,760.00** | **85,873,425.00** |
| | | |

| ПАСИВА | 2021 ГОДИНА | 2020 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153,053.00 | 153,053.00 |
| Останат капитал | | |
| | | |
| 2. Законски резерви | 15,305.00 | 15,305.00 |
| | | |
| 3. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 39,812,013.00 | 70,811,766.00 |
| | | |
| 4. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА | 1,189,503.00 | - |
| | | |
| 5. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА | 0.00 | -30,999,754.00 |
| | | |
| 6. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 55,797,896.00 | 31,341,349.00 |
| кл.2 | | |
| 7. Одложени плаќање на приходи и расходи | 13,010,990.00 | 14,551,706,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **109,978,760.00** | **85,873,425.00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.12.2021 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.12.2021 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 60.798.059,00 денари.

Во текот на 2021 година претпријатието инвестираше - набави нови средства , опрема во износ од 18.784.708,00 денари. Се работи за набавка на Машина за чистење на снег , систем за видео надзор , заштитна челична мрежа , мрежен уред, паркомати, градежни работи- асвалтирање, куќарка за во депо пајак, компјутери, настрешници за паркомати, принтери за зонско, машина за миење под висок притисок како и проект за зона Д.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.923.937,00 денари.

Од нив 769.763,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно, се однесува на следните ставки: канцелариски материјал,чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 514.148,00 денари и претставува залиха од ППЗ апарати, паркинг клешти, канцелариски мебел, лопати, блокатори , батерии и полначи за ПДА уреди и друг инвентар.

Залиха на автогуми евидентираме на износ 481.776,00 денари и истата се однесува за потребите на специјалните пајак возила во претпријатието.

ХТЗ опрема има на залиха во вредност од 158.250,00 денари и се состои од флуоросцентни елечиња , поло маички, одела за дожд, ракавици, јакни, панталони итн. Во текот на 2021 година не е набавена нова ХТЗ опрема за вработените.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Состојбата на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2021 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка бележи вкупен износ од 33.987.138,00 денари.

Побарувањата од купувачи изнесуваат 10.033.128,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен периуод.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 2.865.120,00денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на коминтенти по доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Нивната наплата се врши тековно.

Побарување за повеќе платен данок од добивка -износ од 2.260.915,00 денари. Овој износ произлегува од платени аконтации на данок од добивка во текот на 2020 година.Износот ќе се искористи како даночен кредит во текот на 2022 година со оглед дека претпријатието оствари позитивен финансиски резултат и има обврска да плаќа месечни аконтации на данок од добивка во 2022 година.

Побарувања за повеќе платени придонеси на износ 7.057,00 се однесуваат на корекции од плата на вработени и тие средства ќе бидат пребиени при наредни пресметки на плата.

Побарувања од вработени на износ 226.062,00 денари се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркиралишта, надминати телефонски лимити на службени телефони, кусоци , штети од вработени,задолженија по основ картички за евиденција на работно време итн.

Побарувања по основ надомест на штета од осигурителни компании на износ 9.776,00 денари

Побарувања од купувачи со платежни картички на износ 10.451,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 722.237,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување 135.593,00 денари, 9.001,00 денари за чип картички , 85.635,00 денари услуги за обновување на софтверски лиценци и годишен надоместок за радиофрекфенции , 44.619,00 се трошоци за службено патување во Холандија како и трошоци за платени такси на нотари и извршители 447.389,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски должи севкупно 55.797.896,00 денари. Во износот најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје на износ 33.090.155,00 денари , 11.186.589,00 е обврска за плата за м.12, 6.281.759,00 денари се обврски кон добавувачите, даночни обврски за месец ноември и месец декември на износ 5.020.272,00 денари, обврските за надомест на органите на управување за м.11 дел и м.12 - износ 133.067,00 денари , обврска кон вработените на износ 58.290,00 денари

отпремнина за пензионирање и 27.764,00 ден.се обврски по основ персонален данок од закуп, персонален данок управен и за надзорен одбор итн.

Обврските по основ на плата, ДДВ , надоместоци за надзорен и управен одбор , отпремнината како и дел од обврските кон добавувачите се исплатени во текот на 2022 година.По основ обврска за комунална такса за период м.01-06.2020 година кон основачот Град Скопје платен е износ 6.729.147,00 денари .

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 13.010.990,00 денари.

Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно кои временски ги разграничуваме изнесуваат 1.005.800,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за закуп м.12, плата за м.12 за времени вработувања ,транспорт на пари и за огласување.

Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период изнесуваат 4.368.325,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 262.185,00 денари.

Во рамките на оваа група евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Градот при што доделени се средства во опрема и во пари наменски за набавка на опрема. Овие приходи се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување при што нивниот износ за 2021 година е 7.374.680,00 денари.

# 4. ЗАКЛУЧОК ЗА РАБОТЕЊЕТО И ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Во 2021 година претпријатието ЈП Градски паркинг-Скопје оствари позитивен финансиски резултат – Добивка по оданочување на износ 1.189.503,00 денари.

Позитивниот финансиски резултат се должи на зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање како кај затворените паркинзи , зонското паркирање така и кај катните гаражи. Кај секторот пајак оперативните приходи се намалени во однос на минатата година и во најголем дел тоа е последица на слабата соработка со МВР.

Во наредниот пресметковен период ќе се работи на зголемување на бројот на паркинг места во соработка со основачот – Град Скопје како и општините кои изразуваат спремност за ново или дополнително уредување на јавните површини за паркирање. Се планира соработка со општина Аеродорм- Ново лисиче, општина Кисела Вода, општина Гази баба каде јавните површини за паркирање ќе се стават во функција на потребите на граѓаните.

Како ќе се одвива работењето на претпријатието во период што следи зависи од целокупните услови на стопанисување во државата .

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Датум: 15.03.2022 година

Изработил:
Катерина Палитова

Михајло Коштримовски

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- Скопје

В.Д Директор
М-р Бојан Христовски

Бр. 02-266/3

18.03.22

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија ( Сл.Весник 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19) и член 27 став 1 тоичка5 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг – Скопје, на седницата одржана на ден 18.03.2022 година ја разгледа Годишната сметка за работата на ЈП Градски Паркинг за 2021 година и до Управниот одбор на ЈП Градски Паркинг,Скопје го достави следново мислење:

# МИСЛЕЊЕ

за Годишната сметка за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година

Во Годишната сметка за 2021 година реално се прикажани постигнати резултати во финансиски показатели.

Затоа Надзорниот одбор дава **позитивно мислење** за годишната сметка на ЈП Градски Паркинг – Скопје за 2021 година.

Надзорниот одбор констатира состојба на ЈП Градски Паркинг – Скопје која покажува

- Вкупно приходи 210.973.622,00 денари
- Вкупно расходи 209.548.284,00 денари
- Бруто добивка 1.425.338,00 денари
- Добивка по оданочување 1.189.503,00 денари

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Датум: 18.03.2022 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА
НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
**Претседател,**
**Соња Ѓелевска Шетловска**

Бр. 02-267/1
18.03.22

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 18.03.2022 година ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Годишната сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието.

***Член 2***

Во Годишната сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2021 година констатирана е следната состојба:

- Вкупно приходи 210.973.622,00 денари
- Вкупно расходи 209.548.284,00денари
- Бруто Добивка 1.425.338,00 денари
- Добивка по оданочување 1.189.503,00 денари

***Член 3***

Одлуката да се достави до Совет на Град Скопје заради добивање на соглансост

***Член 4***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 18.03.2022 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

02-267/6
18.03.22

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 18.03.2022 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за распределба на добивката на ЈП Градски Паркинг-Скопје

***Член 1***

Со оваа Одлука се распределува добивката на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг-Скопје искажана во работењето за деловната 2021 година.

Добивката од работењето на Претпријатието во деловната година е на износ од 1.189.503,00 денари.

***Член 2***

Добивката од член 1 од оваа Одлука ќе се пренесе (распредели) како добивка во наредната 2022 година (акумулирана добивка).

***Член 3***

Одлуката да се достави до Совет на Град Скопје заради добивање на согласност.

***Член 4***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 18.03.2022 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Период | | Контролор | |

| Вид работа (1 2 3) | Идентификационен број (ЕМБС) (4–11) | Резервни кодекси (12–26) |
|---|---|---|
| | 0 5 8 0 8 8 5 5 | 3 0 0 0 0 0 0 0 1 8 0 0 2 5 9 |

Назив на друштвото: **ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ**

Адреса, седиште и телефон: УЛ.МАКЕДОНИЈА БР.11А СКОПЈЕ 023091-072

Адреса за е-пошта: infogradski@gradskiparking.com.mk

Единствен даночен број: 4 0 3 0 0 0 3 4 9 3 2 2 0

# БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
## (ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)

на ден **31.12.** **2021** година

(во денари)

| Реден број | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Број на белешка | Износ Тековна година | Износ Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | **АКТИВА:**<br>**А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)** | 001 | | **60,798,059** | **52,669,199** |
| 2. | **I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)** | 002 | | **908,358** | **297,835** |
| 3. | Издатоци за развој | 003 | | | |
| 4. | Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права | 004 | | 876,332 | 249,796 |
| 5. | Гудвил | 005 | | | |
| 6. | Аванси за набавка на нематеријални средства | 006 | | | |
| 7. | Нематеријални средства во подготовка | 007 | | 32,026 | 48,039 |
| 8. | Останати нематеријални средства | 008 | | | |
| 9. | **II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)** | 009 | | **59,889,701** | **52,371,364** |
| 10. | Недвижности (011+012) | 010 | | *3,232,096* | *1,566,146* |
| 10.а. | Земјиште | 011 | | | |
| 10.б. | Градежни објекти | 012 | | 3,232,096 | 1,566,146 |
| 11. | Постројки и опрема | 013 | | 6,535,517 | 2,543,679 |
| 12. | Транспортни средства | 014 | | 40,246,684 | 45,021,285 |
| 13. | Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 015 | | 1,152,274 | 1,345,715 |

| Реден број | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Број на белешка | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 14. | Биолошки средства | 016 | | | |
| 15. | Аванси за набавка на материјални средства | 017 | | | |
| 16. | Материјални средства во подготовка | 018 | | 973,881 | 947,876 |
| 17. | Останати материјални средства | 019 | | 7,749,249 | 946,663 |
| 18. | **III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ** | 020 | | | |
| 19. | **IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)** | 021 | | **0** | **0** |
| 20. | Вложувања во подружници | 022 | | | |
| 21. | Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања | 023 | | | |
| 22. | Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва | 024 | | | |
| 23. | Побарувања по дадени долгорочни заеми | 025 | | | |
| 24. | Вложувања во долгорочни хартии од вредност (027+028+029) | 026 | | *0* | *0* |
| 24.а. | Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање | 027 | | | |
| 24.б. | Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба | 028 | | | |
